

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА-МИНХЕН

**СОДРЖИНА:**

Вовед 1

За честото причестување 1

Добротољубие 2

Апел 3

# ПОЧИТУВАНИ ВЕРНИЦИ,

еве повторно Ви се обраќам преку нашиот скромен гласник Парохиско писмо, со што имам за цел да Ве потсетам дека нашата црковна општина во Минхен постојано се труди да го одржи контактот со своите верници. Секако дека посетата во храмот не можи со ништо да биди заменета, меѓутоа во време на модерен начин на комуникација, Словото Божјо и на овај начин може да стигне до човек, па за момент да го сврти неговото внимание кон Бог, а со тоа и кон црквата.

Драги браќа и сестри, нашата црковна општина во последно време сè повеќе и повеќе е посетувана од наши верници, кои што црквата ја доживуваат како мајка и без која не можат да го водат својот секојдневен живот. Тоа можам да го потврдам и од секојдневната комуникација со луѓето, кои се црквуваат во нашата црква и кои живеат во согласност со правилата на православната вера. Затоа, живеејќи во таков духовен амбиент, можам да констатирам дека нашата црква има потенцијал и иднина, пред сè гледајќи ги и децата кои секоја недела пристапуваат кон Светата Причест.

Овде ќе напоменам уште и дека, црквата е како човечкиот организам, а верниците се тие кои се грижат и кои го прихрануваат тој жив организам да опстои.

Затоа, да му благодариме на Бога за сите и за сè, да се трудиме да живееме во љубов, слога и разбирање и на тој начин да ја поддржуваме нашата црковна општина.

Во овај контекст ќе ја спомнам и заложбата на Управниот одбор, како и на сите верници кои на разни начини го помагаат функционирањето на нашата црковна општина и секако да искажам голема благодарност во тој контекст.

Бог да ни даде мудрост и духовна поткрепа на патот кон спасението.

*Парохиски свештеник*

*Отец Миле Велјановски*

## ЗА ЧЕСТОТО ПРИЧЕСТУВАЊЕ

Причестувањето на верниците во православната црква е нераскинлив дел од нивниот духовен живот и развој. Секако, сето тоа е поткрепено со она што самиот Христос им го кажал на своите ученици, а преку нив и нас, дека:

> *„Ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе" (Јован 6:53) и уште „Кој јаде од Моето тело и ја пие Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него" (Јован 6:56).*

Ако се раководиме според погоре кажаните зборови на Господ Исус Христос, нема и што многу да се додаде. Тие се јасни и недвосмислени и повикуваат на редовно пристапување кон Светата Причест. И тоа навистина било така, поготово во првите векови после Христос, кога првите христијани

ревносно живееле според законот Божји. Тие се причестувале и по неколку пати во текот на една недела, кога се служеле Литургии. Меѓутоа, со текот на времето, луѓето почнале да се оддалечуваат од Бога и богоугодниот живот и следствено на тоа започнало да се јавува една дилема за достојно и недостојно причестување, според зборовите на Св. ап. Павле:

> *„Но, човекот да се испита самиот себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша. Зашто, кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово" (1. Кор. 11, 28–29).*

Овај дискурс, драги верници, во теолошките и богословските кругови е присутен до денес и се претворил во прашање за редовноста за причестување, односно, колку пати во годината треба еден верник да пристапува кон Светиот Путир? Тука има неколку размислувања, од кои некои ќе ги набројам: само четири пати во годината (за време на четирите големи пости), понатаму, четири пати во годината и плус за некои големи Господови и Богородични празници, или пак, секоја недела, односно на секоја Литургија.

Можеби секое од овие гледишта има аргументи за и против, но она што е најважно и на кое треба да се обрати внимание е сепак, подготовката на верникот за примање на Светата Причест. Од неа зависи редовноста или нередовноста во причестувањето. Ако верникот не е подготвен соодветно, како што пропишуваат правилата на црквата со пост, исповед, молитва и благослов од свештеникот, прашање е и тие четири пати во годината дали смее да пристапи. И обратно, ако верникот соодветно се подготвува, тогаш нема причина за да не пристапува кон светата Евхаристија.

Затоа, причестувањето зависи од тоа, дали ние сфаќаме што примаме и со што се соединуваме во моментот кога се причестуваме?! Дали сме доволно духовно зрели, за да нашето причестување биде почесто? Овде не станува збор за достојност, оти достојноста за причестувањето нема никогаш да ја постигниме, меѓутоа, подготовката пред причест е пресудна за да не биде причестувањето сведено на чиста непромислена пракса, која може, како што вели Св. ап. Павле, да ни донесе осуда.

*О. Миле Велјановски*

---

# ДОБРОТОЉУБИЕ

## Поуки од светите отци на Црквата

**Поуки од Свети Марко Подвижник – египетски монах кој се упокоил во почеток на петти век:**

> *Верата не се состои само од тоа да бидеме крстени во Христа Исуса, нашиот Господ, туку и во тоа: да ги извршуваме неговите заповеди. Извршеното свето крштение ни дава совршенство, но не го прави совршен оној што не ги извршува заповедите.*
>
> *Никој не ни принудува насилно ни на добро ни на зло, ние слободно се одлучуваме дали ќе Му служиме на Бога или на ѓаволот. Откако ќе се одлучиме, биваме поттикнувани од Бога кон доброто или од ѓаволот кон злото и кон гревот.*
>
> *Смирениот и оној што дејствува духовно, кога го чита Светото Писмо, сè што чита го поврзува со себеси, а не со некој друг.*
>
> *Откако ќе направиш некое добро дело, спомни си ги зборовите на Спасителот: „Без мене не можете да направите ништо" (Јован 15:5).*

# АПЕЛ

Ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат нашата црковна општина, тоа да го направат преку месечен прилог кои сами ќе го одредат во форма на Dauerauftrag на црковното конто:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv. Troica e.V.**

**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**
**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку контоаусцуг да вратите дел од данокот. За оние донации над 300 евра, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

**Ви благодариме за помошта!**

## Корисни информации:

**Адреса на храмот:**
Plinganserstr. 1, 81369 München

Свештеник: отец Миле Велјановски
тел. 0176 95676547

www.mpcminhen.de
info@mpcminhen.de
www.facebook.com/mpcminhensvtroica
https://whatsapp.com/channel/0029Vb6dJIA2P59cGPxxYY3K